**20202483225**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИТНО СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 октомври 2020 година.

Бр. 08-3577/1
13 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИТНО СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка со заем во износ од 90.000.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво, со исклучок на периодот од една година од датумот на пресметка на оваа провизија, кога истата ќе изнесува 0%.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната 18 рата во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот ќе се отплаќа на 15 март и 15 септември секоја година.

Член 4

Корисници на средствата од заемот од членот 1 од овој закон се Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.